Јавно претпријатие за водоснабдување
Студенчица
Ndërmarrja Publike për Furnizim me Ujë
Studençica
Бр./Nr. 02-1714/1
12-12 20 25 год./vit.
Кичево-Kërçovë

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 80/16, 127/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24),член 20-д од Закон за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 , 14/20, 208/24 и 210/24) и член 8 став 1 и член 37 став 1 точка 4 од Статутот на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево, а во врска со спроведена постапка за вработување на неопределено време во Агенција за администрација, по јавен оглас бр.936/2025 објавен на 04.08.2025 година согласно закон, Директорот на ЈП за водоснабдување „Студенчица" Кичево донесе

# О Д Л У К А

## за избор за вработување на неопределено време на административен службеник на работно место: помлад соработник за правни и општи работи

1. По оглас бр.936/2025 за вработување на неопределено време објавен на 04.08.2025 година во три дневни весници, за работно место помлад соработник за правни и општи работи, со шифра КДР 01 02 В04 016, 1 (еден) извршител, од пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите по огласот, се избира следниот кандидат :

- **Даниела Вељаноска**

2. Директорот во рок од 5 дена од конечноста на одлуката ќе донесе решение односно склучи договор за вработување на неопределено време.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добиена писмена согласност за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со бр.19/6441/3 од 24.07.2025 година, Агенцијата за администрација на РСМ на барање на ЈП„Студенчица"Кичево, на ден 04.08.2025 година во три дневни весници објави оглас бр.936/2025 за вработување на неопределено време заклучно со 18.08.2025 година на 1 (еден) извршител административен службеник, за работно место : помлад соработник за правни и општи работи, со шифра КДР 01 02 В04 016.

Агенцијата за администрација на РСМ формира Комисија за селекција за вработување со Решение бр.10-2108/7 од 21.11.2025 година, примено во ЈП со арх.бр.03-1630/1 од 28.11.2025 година .

Комисијата за селекција за вработување, спроведе административна селекција на пристигнатите пријави по огласот, изготви Записник со арх. бр.10-2108/8 од 21.11.2025 година, примено во ЈП со арх.бр.03-1631/1 од 28.11.2025 година со кој констатира дека од пријавените 8 (осум) кандидати за работното место, има 5 (пет) уреден кандидат и 3 (три) неуредни кандидати. Во втора фаза продолжуваат уредните кандидати со Индентификациски код 1FFA149, B9EBA29, 6C92B40,

8F38018 и 6EDF9EA, со закажан термин за испит за административен службеник за ден 10.12.2025 година.

Комисијата за селекција за вработување изготви Записник од спроведениот испит за административен службеник со арх. бр.10-2108/9 од 10.12.2025 година, со листа на уредно поканети кандидати со Индентификациски код 8F38018, 1FFA149, 6C92B40, B9EBA29, и 6EDF9EA, листа на кои го полагале испитот со Индентификациски код B9EBA29 и 6C92B40. Во трета фаза продолжуваат кандидатите со Индентификациски код B9EBA29, 1FFA149 и 6C92B40, со закажан термин за Интервју за ден 11.11.2025 година.

Комисијата за селекција за вработување изготви Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју со арх. бр.10-2108/10 од 11.12.2025 година, со листа на кандидати со кои е спроведено интервју, каде е нотирано дека кандидатот со Индентификациски код B9EBA29, има освоени бодови 17.66, кандидатот 1FFA149 има освоени бодови 16.33, и кандидатот 6C92B40 има освоени бодови 12.65.

Комисијата за селекција за вработување достави Конечна ранг листа на сите кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување со арх.бр. бр.10-2108/11 од 11.12.2025 година, со предлог, за работно место помлад соработник за правни и општи работи со шифра КДР 01 02 В04 016, со Индентификациски код B9EBA29, **Даниела Вељаноска** со вкупен број на освоени бодови 76.61 СЕ ПРЕДЛАГА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ.

Предвид гореизнесеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија.**

**ЈП„Студенчица"Кичево**
**Директор**
**м-р Дејан Пандилески**

**датум:12.12.2025 год.**